# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-186/3 од 13 август 2014 година донесена на 104. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет одржана на 13 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на за избор на еден наставник во сите звања вонреден професор за наставно-научната област *право на Европската унија* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави доц. д-р Љупчо Сотироски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Доц. д-р Љупчо Сотироски** е роден на 7 јануари 1962 година во Скопје. Основното и средното образование завршува во Скопје со одличен успех, а во учебната 1981/1982 година се запишува на студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје на Правниот факултет и истите ги завршува во 1986 година и се стекнува со звање дипломиран правник (Управно-политичка насока).

Како стипендист на Владата на Холандија, во 1996 година кандидатот Сотироски престојува на Правниот факултет при Универзитетот во Лајден, Холандија, каде што завршува специјалистички курс за Меѓународно воздухопловно јавно и приватно право и се стекнува со Сертификат за меѓународно воздухопловно право на Правниот факултет при Универзитетот во Лајден.

Во учебната 2000/2001 година успешно ги завршува магистерските студии по меѓународно воздухопловно и вселенско право на Правниот факултет при Универзитетот во Лајден, Холандија, на Меѓународниот институт за воздухопловно и вселенско право и се стекнува со научното звање магистер по правни науки на тема „*Развојот на воздушниот сообраќај во поранешната СФРЈ и новонастанатите држави Словенија, Хрватска, Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора”*.

Во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, на Правниот факултет „Јустинијан Први”, Институт за меѓународно право и меѓународни односи, ја одбранува докторската дисертација на тема *„Сигурноста и единственото европско небо“ (*Safety and Single European Sky) и се стекнува со научното звање –доктор по правни науки.

Во 1990 година кандидатот Сотироски се вработува во Владата на Република Македонија, а во 1993 година преминува во Министерството за сообраќај и врски и активно работи на основање на македонските цивилни воздухопловни власти, односно Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба.

Во рамките на своите надлежности, Сотироски извршува работи и задачи на повеќе функции во областа на правни и меѓународно правни работи. Учествувал како шеф и член на делегацијата на Владата на Република Македонија во билатералните преговори за склучување на Спогодби за редовен воздушен сообраќај со повеќе од 20 земји, учествувал во повеќе од 50 меѓународни научни и стручни конференции и значително придонел во креирањето и спроведувањето на Националната стратегија во воздушниот сообраќај во Република Македонија.

Во периодот од март 2003 до април 2005 година, Сотироски работи како експерт во меѓународната организација Eurocontrol со седиште во Брисел на Проектот на Европската комисија “ASATC-Aviation Safety and Traffic Control” финансиран во рамките на Програмата

CARDS, како извршен координатор за право и институции за земјите од Западен Балкан.

Кандидатот Сотироски е член на Меѓународната асоцијација на европски правници од областа на воздухопловното право (European Air Law Association) и Европскиот воздухопловен клуб (European Aviation Club), со седишта во Брисел.

Во 2006 година се стекнува со лиценца за медијатор, издадена од Министерството за правда на Република Македонија, член е на Управниот одбор на Комората на медијатори на Република Македонија (КМРМ) и Национален координатор за Република Македонија во Југоисточниот форум за медијација (СЕЕМФ – South Eastern Mediation Forum).

Од 2008 година е партнер обучувач во ACI - Airport Council International (Совет на меѓународни аеродроми) со седиште во Женева.

Од 2008 година, Сотироски е член на Управниот одбор на Европско движење за Македонија (ЕДРМ) и во тоа својство учествува во активностите за јакнењето на европската концепција за создавање граѓанско општество и почитување на темелните вредности на Европската унија.

Во мај 2009 година се стекнува со наставно-научното звање доц. д-р и се вработува на Универзитетот ФОН.

Од 1 јануари 2010 година кандидатот Сотироски е во редовен работен однос на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр.1602-93/3 од 30.12.2009 година, д-р Сотироски е избран во звање доцент за наставно-научно подрачје правни науки - модул Европско право.
2. Кандидатот има објавено најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Bilic S, Sotiroski Lj, Tusevska B. | Success and Failure of the Macedonian Entrepreneurs | Macrothink Institute, Research in Applied Economics | 6 |
| 2 | Tusevska B, Kosevaliska O, Sotiroski Lj, Nanev L. | Criminal Insolvency, | ЗБОРНИК, Меѓународен дијалог:исток-запад:(Петта меѓународна научна конференција | Меѓународна научна публикација |
| 3 | Sotiroski Lj, Tushevska B, Bilic S. | Regional cooperation in Western Balkans-a prerequisite for European Union integration | *ЗБОРНИК,* Меѓународен дијалог: исток-запад: Петта меѓународна научна конференција, | Меѓународна научна публикација |
| 4 | Sotiroski Lj Bilic S | Protection of the Human Rights of workers from mobbing – Case of the Republic of Macedonia | Proceedings of International Scientific Conference-Promoting Human Rights-Recent Development | Меѓународна научна публикација |
| 5 | Sotiroski Lj Tushevska B. | Impact of globalization on the national economy through the prism of logistics operators | ЗБОРНИК, Меѓународен дијалог: исток-запад: Четврта меѓународна научна конференција | Меѓународна научна публикација |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Наставно - образовна дејност***

Кандидатот Сотироски во изминатиот период активно учествува во извршувањето на наставно-образовна дејност. Во рамките на предметните надлежности на Правниот факултет, Сотироски реализира предавања од Првиот циклус на студии по предметите Вовед во правото на ЕУ, Меѓународно јавно право, Политики на ЕУ, Проектен менаџмент со ЕУ фондови, Дипломатско и конзуларно право, Право на ЕУ, правда и внатрешни работи и Арбитражно право.

Во рамките на трите студиски програми од вториот циклус студии на Правниот факултет, Сотироски ги предава предметите ЕУ-институции и право, Право на ЕУ-применета програма, Право на проширување на ЕУ и Методологија на научноистражувачка работа.

На вториот циклус студии на Факултетот за бизнис логистика, Сотироски ги предава предметите Европско транспортно право и Национално и меѓународно туристичко право.

Кандидатот Сотироски своите научно-образовни активности ги остварува во областа на Правото на ЕУ, меѓународното јавно и приватно право и меѓународните односи, вклучувајќи ја и областа на Транспортното право на ЕУ и медијацијата како алтернативно средство за решавање спорови.

Во рамките на меѓууниверзитетската соработка, во академските 2012/2013/2014, Сотироски, предава на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Кичево, Правен факултет, на втор циклус студии, на модулот Деловно право, предмет Право на конкуренција (20 академски часа) во Кичево и во Битола.

Во јуни 2006 година, Сотироски добива Лиценца од областа на авторските права, сродните права и правата од интелектуална сопственост, издадена од Министерство за правда.

***Координатор на образовни проекти***

1. **<u>Jean Monnet sub-Programme</u>**

**European module "*Policy and Politics of EU Enlargement*", 1 September 2011 – 31 August 2014**

Жан Моне наставниот модул „*Политиката на проширување на ЕУ*" се состои од 6 нови курсеви, како што се: Историјата на Европската унија и процесот на нејзино проширување, Вовед во правото на ЕУ, Политиките на Европската унија, Демократијата и човековите права на ЕУ, Перспективите на ЕУ по Лисабон и Проектното управување со ЕУ фондовите. Вкупниот број од 250 часа во текот на период од три години ќе бидат одржани од 4 предавачи.

Преку предавања и активни дебати со студентите, тркалезни маси, семинари, работилници, брошури и веб страна за проектот ќе бидат дисеминирани релевантни информации за стандардите за интеграција во ЕУ во различни сфери.

Позитивните ефекти од реализацијата на проектот се во зголемениот интерес и позитивното мислење на студентите и граѓанското општество за процесот на интеграција на Република Македонија во европското семејство и во градењето на човечки ресурси за примена на правото на ЕУ.

Идејата за проектот доаѓа од политичката ориентација на земјата кон членството во ЕУ и Евроатлантските аспирации, кои бараат спроведување на процес на политички, економски, социјални и културни промени во земјата. Имајќи го предвид фактот дека напредокот на Република Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ зависи успешното и квалитетно спроведување на реформите и исполнувањето на критериумите за пристапување, важно е да се апострофира значењето на едукацијата на студентите, како идна генерација на граѓани која ќе ги промовира европските вредности и стандарди. Причината за подготовка на проектот е насочена кон подигање на свеста на студентите за политиките релевантни за проширувањето на ЕУ, преку континуирани предавања.

***Во својство на Jean Monnet професор, учество на Jean Monnet Conferences:***

1. 2013, Jean monnet Conference, "*The Political Implicatiosn of European economic integration-towards a political Union*", *Brussels*, 14-15 November, Brussels;
2. 2012, Jean Monnet Conference "*Sustainable growth in the European Union – the role of education and training"*, 13-14 November, Brussels;
3. 2011, Global Jean Monnet Conference *„European Economic Governance in an International Context",* 24-25 November, Brussels.

***Декларации***

Потпишани се две декларации во својство на Jean Monnet professor:

– The present crisis and the future of Europe First Declaration to the European Institutions and to the Governments of the EU Member States by forty Jean Monnet Professors, December 2012;
– The present crisis and the future of Europe Second Declaration to the European Institutions and to the Governments of the EU Member States by twenty-five Jean Monnet Professors, June 2012.

**2. European Commision-Eurocontrol,**

– 2003 - 2005 година, Брисел - Во рамките на научно-техничката размена и врз основа на договор помеѓу Македонските воздухопловни власти и EUROCONTROL беше назначен за координатор во доменот на право и институциите во рамките на Проектот ASATC - воздухопловна безбедност и воздушниот сообраќај на земјите од Западен Балкан.

***Престои во странство***

Во рамките на Програмата ERASMUS MUNDUS Сотироски реализираше студиски престој. Курсот насловен како MVV138K "*EU Enlargement Process of Western Balkan Countries, Special Case Republic of Macedonia*", (*Процесот на проширување на ЕУ и земјите од Западен Балкан, случај на Република Македонија*), се спроведе во периодот 8 февруари-8 март 2014 година, Masaryk University, Брно, Чешка Република.

Наставната програма на курсот одработува неколку теми поврзани со процесот на проширување на ЕУ и главно се фокусира на земјите од Западен Балкан, распаѓањето на поранешна Југославија, формирањето на новите и независни држави, перспективата кон европската интеграција во рамките на постојниот процес на проширување, развојот и остварување на институционалното градење и владеењето на правото.

Овој контекст вклучува анализи и дискусии на економски и правни поими и категории коишто имаат особено значење и улога во развојот на новосоздадените држави од поранешната СФРЈ. Посебно внимание е посветено на анализата и истражувањето на заедничките особености и разлики во однос на проширувањето како процес со мултидимензионална содржина и степенот на достигнување и реализирање на стратегиите и сродните договори помеѓу државите на Западниот Балкан.

Случајот за Македонија беше елабориран во поширока перспектива со посебен осврт на суштината на спорот околу различностите за името. Овој спор беше анализиран преку грчкото кршење на одредбите од Привремената спогодба од 1995 година и Пресудата на Меѓународниот суд во Хаг, во 2012 година.

Во врска со оваа тема компаративна анализа на случај беше направено во однос на чешкото искуство во правната постапка на поделбата и процесот на раздвојување на единствената држава и создавање на две независни држави. Во современата правна теорија, случајот за Македонија има голема правна и практична важност од научната гледна точка.

Кандидатот Сотироски активно учествува на разни меѓународни настани, курсеви, работилници, конференции, семинари од областа на воздухопловството, со посебен фокус на регулаторната рамка во делот на воздухопловното и вселенското јавно и приватно право. Посебно внимание посветува на образовни и научни настани поврзани со конкуренцијата во воздушната средина, случувањата во европското право и воздухопловниот транспорт и политика, предизвиците на 21 век и современите уредувања на Заедничката воздухопловна област и Единственото европско небо.

***Научноистражувачка дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност, Сотироски активно учествува и презентира научни и стручни трудови на конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и отворени трибини во земјата и странство. Исто така, учествува во неколку научни проекти и остварува студиски престој во повеќе центри на Европа во рамките на спомenатите активности. Тематските содржини кои се обработувале на горенаведните собири ги покриваат областите на правото на Европската унија, меѓународното јавно и приватно право, медијацијата, правото и економијата и транспортот со посебен осврт на воздухопловството.

***Објавени научни и стручни трудови***

1.Bilic S., Sotiroski Lj.,Tusevska B., (2014), *Success and Failure of the Macedonian Entrepreneurs,* стручен труд објавен во Macrothink Institute, Research in Applied Economics, ISSN 1948-5433, 2014, Vol. 6, No. 3, p 143-156, www.macrothink.org/journal/index.php/rae/issue/current.

Целта на овој труд е истражување на успесите и неуспесите на македонските претприемачи во националните регулаторни рамки и приказ на компаративната анализа со постојната правна регулација во Европската унија. Врз основа на анкетниот методолошки пристап, добиените резултати покажуваат интересни законитости околу дефинирањето на успехот наспроти неуспехот, односно функционирањето на позитивните елементи и обележја во однос на негативните компоненти од претпримаштвото. Повеќе од евидентно е дека претприемачите мора повеќе да научат од неуспехот за да остварат некој успех. Претприемништвото во Република Македонија нужно има потреба од креирање дизајнирани проекти за поддршка на транзицијата во организирана пазарна економија, натамошен развој на демократските институции, едукација на претприемачите и дефинитивно силно охрабрување за започнување на сопствен бизнис. Основната поента на трудот е апострофирање на строго дефинирана законска рамка која единствено може да го отвори патот кон европската интеграција во областа на претпримништвото и слободното движење на стоки, услуги, капитал и лица.

2.Tusevska, B. Kosevaliska O., Sotiroski Lj, Nanev L. (2014), *Criminal Insolvency*, стручен труд, објавен ЗБОРНИК, *Меѓународен дијалог: исток-запад: (култура,славјанство и економија):*Петта меѓународна научна конференција, ISBN 978-608-4689-04-1, (5; 2014; Свети Николе).

Трудот има за цел да ја анализира постапката за отворањето на стечајна постапка врз правните субјекти која што предизвикува хаос во бизнис односите со партнерите. Истражувачкиот опус дава приказ на националната регулаторна рамка која се имплементира согласно со современите процеси кои се одвиваат во оваа област во повеќето земји-членки на Европската унија.

Со отворање на постапката како спорни се појавуваат бројни прашања и интереси кои ги тангираат договорните страни. Во таа смисла, се отвора и можноста за заобиколување, па дури се и пристуни и елементи на прекршување на одредбите од релевантното законодавство и незаконско присвојување на имоти или профитот како крајна цел.

3. Sotiroski Lj,Tushevska B and Bilic S, (2014), *Regional cooperation in Western Balkans-a prerequisite for European Union integration,* стручен труд, објавен во ЗБОРНИК, *Меѓународен дијалог: исток-запад: (култура, славјанство и економија):* Петта меѓународна научна конференција, ISBN 978-608-4689-04-1, (5; 2014; Свети Николе).

Овој труд е концепиран со цел да ја истакне потребата од регионална соработка во просторот на Западниот Балкан. Имајќи ги предвид постоечките регулаторни, политички, економски и социјални особености, разлики и сличности, концептот на трудот ја сублимира идејата за комплексноста на прашањето поврзано со интеграцијата на Балканот. Во основа, од научноистражувачки аспект трудот претставува обид за идентификување на посебните обележја на новонастанати институционални форми на младите држави произлезени од претходниот федерален систем. Процесот на натамошното проширување на Европската унија неминовно го апсолвира и прашањето на структурна консолидација на земјите од Западниот Балкан со истакнување за влијанието на постојните фактори кои би можеле да

имаат силно влијание врз стабилноста во регионот. Регионалната стабилност, постојаниот економски раст во услови на зрела регулаторна и институционална функционалност претставуваат база за индивидуален пристап кон Унијата на секоја земја од регионот. Главните иницијативи на ЕУ покажуваат дека преструктуирањето како процес не завршува со полноправно членство, туку и натаму останува отворен и творечки во создавањето на стабилни економии и односи на меѓусебна толеранција. Затоа треба да се нагласи фактот дека Стратегијата на Европската унија кон пристапувањето на земјите од Западен Балкан е долготраен хегемонистички проект со мултидисциплинарни обележја и исклучително силен предуслов за стабилноста на Европа во целина.

4. Sotiroski Lj and Bilic S. (2013), *Protection of the Human Rights of workers from mobbing – Case of the Republic of Macedonia* , стручен труд, објавен во Proceedings of International Scientific Conference-Promoting Human Rights-Recent Development, ISBN 978-608-4589-21-1, Скопје.

Трудот ги обработува националните појавни форми и праксата во земјите-членки на Европската унија во однос на мобингот кои се однесуваат на психо-физичкото малтретирање на работниците, различни форми на сексуално вознемирување, дискриминација на национална и верска основа, припадност на различни економски средини, партиски и социјални групи.

Во однос на законската регулатива во Република Македонија, измените и дополнувањата на Законот за работни односи (Сл. весник на РМ, бр 158 од 9.12.2010, Пречистен текст) не се доволни механизми за заштита на работниците во приватниот и јавниот сектор од појавните облици на психофизичко вознемирување на работното место. Во споредба со просекот на податоци на жртви на мобингот од земјите на ЕУ, македонскиот мобинг се наоѓа на ниско ниво. Оваа состојба покажува дека свеста на жртвите е релативно ниска а бројот на пријавени случаи е мал.

5. Sotiroski Lj and. Tushevska B, (2013), *Impact of globalization on the national economy through the prism of logistics operators,* стручен труд објавен во ЗБОРНИК, *Меѓународен дијалог: исток-запад: (култура, славјанство и економија):* Четврта меѓународна научна конференција, ISBN 978-608-4689-04-1, (4; 2013; Свети Николе).

Феномените глобализација и диверзификација на трговските активности претставуваат голем предизвик за шпедитерите и транспортерите анализирани во национални рамки и во контекст на уредување во земјите на Европската унија. Во исто време овој предизвик беше тест за нивниот опстанок. Компаниите од оваа област одлучуваат за степенот на инвестирање во нивната трансформација во логистичка оператор (3PL и 4PL даватели на услуги, можноста за пријателско преземање од страна на повисоко етаблираните форми (шпедитерите) компании, или конечно и постепено исчезнување во т.н. фер конкуренција на пазарот. Трудот ги апострофира истражувањата кои нагласуваат дека во однос на светската криза и процесот на глобализацијата, логистичките компании немаат стратешки концепти за да се очекува нивно фокусирање во преземање на соодветни мерки за одржлив развој. Овој процес неизбежно се рефлектира и во националната економија.

***Објавени трудови (меѓународни списанија, книги, дневни весници, неделници и интервјуа)***

Phd. Sotiroski Lj. &. M.sc Serafimovska H, (2013), *Implications of the legal framework for the development of entrepreneurship,* стручен труд објавен во International Review of Social Sciences and Humanities, САД, Vol. 7, No. 1 (2014), pp. 263-273, www.irssh.com, ISSN 2248-9010 (Online), ISSN 2250-0715 (Print).

Во овој труд се анализира состојбата од општа и европска димензија со специфични и препознатливи елементи на избраниот социјален контекст којшто се однесува на Република Македонија како студија на случај на ова истражување. Основна цел на истражувањето е да се утврди влијанието на регулаторниот систем за развојот на претприемништвото. Концептот на трудот се базира на идејата за подобрување на развојот на претприемништвото укажувајќи на општата состојба во овој поглед во Република Македонија, преку употребата на секундарните резултати од истражувањата и релевантни извештаи од национални и меѓународни органи. Овој труд издвојува посебни прописи кои

што влијаат на подобрување на претприемачките потенцијали на Република Македонија во однос на постојниот процес на приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија. Врз основа на утврдените недостатоци и можности, треба да се утврдат соодветни препораки за зголемување на квалитетот на правната рамка и подобрување на претприемачката клима во земјата.

Сотироски, Љ, Билиќ С и Тушевска Б. (2014), Contemporary perspectives of freight Forwarder, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Лазар Китаноски

Сотироски Љ. (2013), „*Македонија е зрела за национален авиопревозник*", Издавач Нова Македонија,

Sotiroski Lj. (2011), *"Macedonia in Outer Space*", Aero Space Law, Editor,International Institute of Air and Space Law, Leiden University, Leiden,

Д-р. Сотироски & М-р. Тушевска, (2011)„*„Логистички от оператор, перспектива на класичниот шпедитер", Издавач „*Правник*",* 231, Скопје

Sotiroski Lj. (2011), "*CEATS and Its Impact to the Adjacent States",* Editor, Magazine Time, Skopje, 2006, pp. 12-13,

Sotiroski Lj. (2005) "*Multinational Model of Air Flag Carrier",* Editor, Utrinski vesnik, Skopje, pp. 23,

Sotiroski Lj. (2004),"*Macedonian Market and Future Orientations*",Editor, Dnevnik, Skopje, pp. 8-9,

Sotiroski Lj. (2002) "*Legal Preparations of EU Member States in the Field of Safety in the Civil Aviation", In Proceedings: New Avenues through European Skies,* (Leiden, International Institute of Air and Space Law: , pp. 132-134,

Sotiroski Lj. (2001), "*The World after 11th of September",* Editor, Dnevnik, Skopje, pp.19

Сотироски Љ. (2009), "*Безбедноста и единственото европско небо*", Скопје, Издавач, Селектор, 201, ISBN 978-9989-16-6),

Сотироски Љ и Ѓуркова О. (2011) *Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство)*. „2 - ри Август" - Штип, Скопје, ISBN 978-9989-2781-7-4

***Рецензирани скрипти***

1.СОТИРОСКИ, Љупчо

Скрипта по предметот **Вовед во правото на Европската унија**, Универзитет „Гоце Делчев", 2014 ISBN 978-608-244-030-9, CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје.

Целта на ова учебно помагало е да направи преглед на основните поими коишто се опфатени во содржината на предметот Вовед во право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Скриптата претставува наставно помагало за студентите на прв циклус студии, изработено согласно со Наставниот план и програма. Во неа се опфатени четири тематски единици: Европската интеграција и нејзините особености, Договорите за Европската заедница и Европската унија, Правните извори и Институциите на ЕУ. Содржината на скриптата е резултат на темелно истражување на оваа материја, при што се користени голем број научни книги и трудови (на англиски, германски и македонски јазик). Имајќи ја предвид актуелноста на темата и постојаните измени и дополнувања на концептите и правната рамка во која делува Унијата, користени се и документи публикувани на веб-страниците на Европската комисија. Скриптата по својата природа содржи материјал којшто со текот на времето може да трпи одредени промени и да прерасне во учебник наменет за сите заинтересирани за развојниот процес на Европската унија.

2.СОТИРОСКИ,Љупчо Скрипта по предметот **Право на ЕУ, правда и внатрешни работи**:Универзитет „Гоце Делчев", 2014, ISBN 978-608-244-032-3, CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје.

Скриптата насловена како Право на ЕУ, правда и внатрешни работи претставува сериозен обид за создавање квалитетно учебно помагало со прегледна содржина во рамките на Наставниот план и програма на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Концептот на скриптата е наменет за студентите на прв циклус студии со цел да се претстави правото на Европската унија и промоција и истакнување на значењето на Европскиот правен систем. Содржината на скрипта елаборира две основни тематски единици. Првата е приказ на правото и суштината на правната рамка, методот на Заедницата и начините на функционирање вклучувајќи ги институциите, нивната структура и функционалност. Втората тематска единица ја претставува структурата на европското државјанство, азил, миграција, полиција, заедничките политики, судската и граѓанската соработка која се остварува во рамките на првиот столб. Изработката на скриптата е резултат на темелно истражување на оваа материја, при што се користени голем број научни книги и трудови (на англиски, германски и македонски јазик). Имајќи ја предвид актуелноста на темата и постојаните измени и дополнувања на концептите и правната рамка во која делува Унијата, користени се и документи публикувани на веб страниците на Европската комисија. По својата природа содржината на материјалот првично е наменета за студенти кои ја изучуваат област на правото на Европската унија и во исто време претставува предизвик за секој заинтересиран во проучувањето на комплексноста на правото на Европската унија вклучувајќи го и делот на правда и внатрешни работи.

3.СОТИРОСКИ, Љупчо Скрипта по предметот **Политики на Европската унија**: Универзитет „Гоце Делчев", 2014,ISBN 978-608-244-031-6, CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

Целта на ова учебно помагало е да се направи преглед на основните поими коишто се опфатени во содржината на предметот Политики на Европската унија[2] на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Концептот на скриптата е наставно помагало за студентите на прв циклус студии, изработено согласно со Наставниот план и програма. Во концептот на политиките на ЕУ втемелени се основните придобивки од договорите кои во суштина претствауваат нивна операционализација. Содржината е разработена во четири тематски единици.

Првиот дел ги дефинира Политиките за правата на граѓаните со детален опис на политиките во областа на информирањето, аудиовизуелната политика, културата и политиката за заштита на потрошувачите. Вториот дел ги обработува хоризонталните политики во кои се обработени политиката на конкуренција и политиката на регионален развој. Третиот дел ги опфаќа секторските политики во кои спаѓаат индустриската политика и политиката на претпријатијата и политиките во областа на истражувањето и технологијата, енергетиката, сообраќајот, земјоделството и рибарството.

Последниот дел е посветен на надворешните политики со псоебен осврт на трговската политика, надворешните односи и развојни политки. На крајот се поставени евроинтеграцијата и нејзините развојни перспективи.

Содржината на скриптата е резултат на темелно истражување на оваа материја, при што се користени голем број научни книги и трудови (на англиски и македонски јазик). Имајќи ја во предвид актуелноста на темата и постојаните измени и дополнувања на концептите и правната рамка во која делува Унијата, користени се и документи публикувани на веб-страниците на Европската комисија и други слободни извори.

Скриптата по својата природа содржи материјал којшто со текот на времето може да трпи одредени промени и да прерасне во учебник наменет за сите заинтересирани за комплексната материја во врска со политиките на Европската унија.

***Учество и презентација на меѓународни конференции***

- 17 септември 2013, PhD Sotiroski & PhD Tushevska, "*European dimension of the Balkan Transport Policy*", Универзитет Неофит Рилски, Благоевград, Бугарија,
- 13-14 мај 2012, Sotiroski Lj,"*Mediation, as alternative dispute resolution of commercial disputes in the xxi century*", Универзитет Неофит Рилски, Благоевград, Бугарија Меѓународна конференција на Универзитетот "Неофит Рилски", Благоевград,
- 2-3 September, 2011, PhD Sotiroski,"10 years of mediation in Slovenia"& *"European Arbitration and Mediation day"*,Ljubljana, Slovenia, International Conference on Alternative Dispute Resolution,

- 28-29 January 2010, PhD Sotiroski, "*Implementing Alternative Measures in Panel cases*", Introducing & sharing experiences on restorative justice and victim-offender mediation, Skopje,
- 25-26 February 2010, PhD Sotiroski, *"Mediation in the Macedonian legislation"*Tirana, Albania, Regional Forum, Implementing Alternative Measures in Panel Case, Introducing sharing experiences on restorative justice and victim-offender mediation application for juveniles and beyond ,
- 2011 година, Скопје. Во областа на медијацијата кандидатот Сотироски е активен и во тој контекст е автор е на *Прирачник за обука на медијатори*, објавено од Министерството за правда, во соработка со IFC (International Finance Cooperation).

***Ден на Европа***

Од 2008 година, Сотироски е член на Управен одбор на Европско движење за Македонија. Секоја година во чест на 9 мај - Денот на Европа, здружението организира манифестации низ целата држава под покровителство на општините и Делегацијата на Европската комисија во Скопје. Во таа смисла, во Штип, на 6 мај 2011 година се одржа дебата на тема "European employment Policy in Republic of Macedonia", по повод Денот на Европа, со посебен акцент на Macedonia and European values.

***Учество на семинари и дебати***

- 23 септември 2013 година, Скопје, - *Влада на Република Македонија* - Секретаријат за европски прашања, Скопје, *„Европска интеграција во Западниот Балкан,"*
- 10th May 2013, London - Во рамките на Темпус програмата, Сотироски учествува во работата на Senior Management Seminar for Rectors and Senior Managers from Universities from the West Balkan Region, Middlesex University on 9th – under the auspices of the TEMPUS Project,
- 10 април 2013 година, Скопје - Денови на образование и кариера на 16-тиот Меѓународен саем на образование и кариера, на тема „Како високото образование во Република Македонија да биде релевантно со потребите на пазарот во совeремениот свет на промени?"
- 23, December 2010, Stip, - University" Goce Delchev "Stip, "Foundation for Development of Local Communities".

***Странски истражувачки проекти***

**COST Action: Европска истражувачка мрежа**

Во рамките на активностите во Европската истражувачка мрежа, концепт на Европската комисија, Сотироски активно учествува во неколку одвоени проекти:

I. **COST Action: IS0702 - The Role of the EU in UN Human Rights Reform", Brussels, (2009-2013),**

1. COST Action: IS0702; 13-14 September, 2010, *Reykjavik, Iceland, Meeting title: Reforming* Human Rights Institutions: Progress and Status
2. COST Action IS0702: 25-27 September 2011, Venice "*The Role of the EU in UN Human Rights Reform",*
3. COST Action: IS0702;.10-12, September 2012, Vienna, AHRI Annual Conference/Final COST Conference "*Empower Human Rights!",*
4. COST Action IS 0702 - Policy meeting on 28 January 2013 at COST Office Brussels.

II. **COST MARSAFANET - Maritime Safety And Security, Brussels, ( 2012-2016)**

1. COST Action IS1105, 10- 11 October 2012, Naples;
2. Insecurity at sea: Piracy and other risks to navigation and NETwork of experts on the legal aspects of MARitime SAFEty and security (MARSAFENET) Shipping and Marine Environmental Protection;
3. COST Action: IS1105, 5-6 June 2013, Rome,
   *NETwork of experts on the legal aspects of Maritime Safety and Security National Research Council of Italy (CNR);*

4. COST Action: IS1105, 1-2 April 2014,, Brussels, Plenary Conference, "*Safety and Security Issues with Respect to Resources Exploitation in Areas, Beyond National Jurisdiction"*.

III. **COST Action IS1003"- International Law between Constitutionalisation and Fragmentation: the role of law in the post-national constellation", Brussels, (2011-2014),**

1. COST Action: IS1003 "International Law between Constitutionalisation and Fragmentation: the role of law in the post-national constellation", 12-13 January, 2012, Brussels.

IV. **COST Open Call 2012-2**

1. Brussels, 10-11 January, 2013 година. Во рамките на истражувачките активности, во Evaluation Panel of COST Action DC_ISCH, COST-Honoraria-DC_ISCH-02164 Сотироски бил повикан да земе учество ако евалуатор-оценувач во тимот за прифаќање на 14 предлози за избор на 4 финални проекти, (14 Poposals of Domain Individual, Societies, Culture and Health).

Покрај редовните активности во гореспоменатите проекти, кандидатот Сотироски учествува и во работата на Domain Committee for Individuals, Societies, Cultures and Health.

V. **Проект - Социјална иновација**

19-22 September, 2011, Vienna. Кандидатот Сотироски како дел на тимот одреден од Министерството за образование и наука зема учество во проектот" *Challenge Social Innovation Conference*.

***Домашни истражувачки проекти***

***Координатор на проект***

– 2005- 2006 година, Скопје - Од Владата на Република Македонија беше назначен за координатор на GTZ Проектот за одделување на регулаторот од оперативните функции во воздухопловните власти во Република Македонија (2005-2006), воспоставување MAKNAV, новиот давател на услуги.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот Сотироски има објавено книга насловена како *Сотироски, Љ, (20010), Безбедноста и единственото европско небо*", Скопје, Издавач, Селектор, 2010, ISBN 978-9989-16-6) и неколку труда во стручни и реномирани списанија од областа на правото на ЕУ и регулацијата во воздухопловниот сектор.

Во рамките на проектната активност, кандидатот е главен координатр на Националниот проект насловен како „Правните аспекти на облиците и факторите на мобинг во Република Македонија" - Министерство за образование и наука и член на Jean Monnet – European Commission –COST Action: IS1105, 2014, "Safety and Security Issues with Respect to Resources Exploitation in Areas, Beyond National Jurisdiction". Во доменот на Универзитетот „Гоце Делчев", кандидатот активно учествува во бројни работни тела и комисии вклучувајќи ја и Комисијата за евалуација на УГД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горенаведеното и добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, Комисијата смета дека доц. д-р. Љупчо Сотироски, веќе неколку години постојано работи на својата професија, со целосна посветеност и изразена сериозност и професионалност. Кандидатот Сотироски во целост ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови коишто се пропишани со позитивните законски прописи, за да биде избран во звање вонреден професор за наставно-научната област право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип **да го избере д-р Љупчо Сотироски во звање вонреден професор за наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Татјана Петрушевска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Васко Наумовски, вонреден професор, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | **Позитивно рецензирана скрипта**<br>1.СОТИРОСКИ, Љупчо<br>Скрипта по предметот Вовед во правото на Европската унија, Универзитет „Гоце Делчев", 2014 ISBN 978-608-244-030-9, CIP - Каталогизација во публикацијаНационална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје<br>2. СОТИРОСКИ, Љупчо<br>Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи:Универзитет „Гоце Делчев", 2014, ISBN 978-608-244-032-3, CIP - Каталогизација во публикацијаНационална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје<br>3.СОТИРОСКИ, Љупчо<br>Скрипта по предметот Политики на Европската унија: Универзитет „Гоце Делчев", 2014, ISBN 978-608-244-031-6, CIP - Каталогизација во публикација<br>Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје | 3 | 8 | | | 24 |
| **2.** | **Рецензент на учебник, скрипта и сл**.<br>Маролов. Д. (2012): Меѓународно јавно право, Универзитет „Гоце Делчев», Штип; (2 скрипти)<br>Беловски, В. (2013): Граѓанско процесно право, Универзитет „Гоце Делчев», Штип | 3 | 1 | | | 3 |
| **3.** | Ментор на одбранет магистерски труд | 8*3 | 3 | | | 24 |
| **4.** | Ментор на одбранета дипломска работа (макс. 7) | 7*1 | 1 | | | 7 |
| **5.** | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 9*1 | 1 | | | 9 |
| **6.** | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 7*0,2 | 0,2 | | | 1,4 |
| **7.** | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестар во изборниот период) | 60 | 1 | | | 60 |
| **8.** | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | 10*2 | 1 | | | 20 |
| **9.** | Рецензент на соработници и наставници | 7*1 | 1 | | | 7 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **155,4** |
| | | | | | | |

| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **10.** | Монографија или научна книга<br>Сотироски Љ. & Ѓуркова О.<br>(2011) Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство). „2 - ри Август” - Штип, Скопје. ISBN 978-9989-2781-7-4<br>Д-р. Сотироски Љ. и м-р Перуновска М. 2011), *Прирачник за обука на медијатори*, објавено од Министерството за правда, во соработка со IFC (International Finance Cooperation) | 2*10 | 10 | | | 20 |
| **11.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>1. December, 23, 2010, Stip, - University” Goce Delchev “Stip, “*Foundation for Development of Local Communities,*<br>2. May 19, 2013, London - Во рамките на Темпус програмата, *Senior Management Seminar for Rectors and Senior Managers from Universities from the West Balkan Region, Middlesex University on 9th – under the auspices of the TEMPUS Project,*<br>3. Април 10, 2013 година, Скопје - Денови на образование и кариера на 16-тиот Меѓународен саем на образование и кариера, на тема „Како високото образование во Република Македонија да биде релевантно со потребите на пазарот во совереметниот свет на промени” | 1*1<br>2*1,5<br>1*1 | 1<br>3 | 1 | | 1<br>3<br>1 |
| **12.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **13.** | Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | | | 4 |
| **14.** | **Студиски престој во странство**<br>1. Програмата ERASMUS MUNDUS Курс насловен како MVV138K “EU Enlargement Process of Western Balkan Countries, Special Case Republic of Macedonia”, 8 февруари- 8 март 2014 година, Masaryk University, Брно, Чешка Република,<br>2. Стипендист на Холандската Влада во 1996 година престојувал на Правниот факултет на Универзитетот во Лајден, Холандија, Сспецијалистички курс за Меѓународно воздухопловно право и се стекнал со Сертификат за меѓународно воздухопловно право на Правниот факултет на Универзитет во Лајден. | 2*8 | 8 | | | 16 |
| **15.** | Рецензент на научен труд | 1*1 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | | | | | **53** |

| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **16.** | Книга:Сотироски Љ. (2010), „*Безбедноста и единственото европско небо*“, Скопје, Издавач, Селектор, 2010, ISBN 978-9989-16-6), | 1 | 10 | | | 10 |
| **17.** | Труд во стручно научно-популарно списание**:** | 5 | 2 | | | 10 |
| **18.** | Учесник во научен проект<br>1. „Правните аспекти на облиците и факторите на мобинг во Република  Македонија“ - Министерство за образование и наука<br>2. Jean Monnet – European Commission –<br>3. COST Action: IS1105, 2014,, Brussels, Plenary Conference, “*Safety and Security Issues with Respect to Resources Exploitation in Areas, Beyond National Jurisdiction*<br>(максимум во три проекти) | 3*5 | 5 | | | 15 |
| **19.** | Член на универзитетски или владини тела:Член на Комисија за евалуација на УГД | 1*5 | 5 | | | 5 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **248,4** |